Врз основа на член 82 став (4) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 98 од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Десеттата седница одржана на ден 07.05.2018 година, донесе

# П Р А В И Л А

## ЗА РАБОТА НА УРБАНИТЕ И МЕСНИТЕ ЗАЕДНИЦИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овие правила се уредува работата на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба (во натамошниот текст: облици на месна самоуправа).

**Член 2**

Подрачјето за кое се основаат урбаните заедници се границите на урбаните единици според урбанистичкиот план на градот.

Подрачјето за кое се основаат месните заедници се границите на катастарските општини на населените места, како и одредени населени места кои претставуваат целина, со одлука на советот на општината.

**Член 3**

Урбаните и месните заедници се облик на месна самоуправа во рамките на правата и обврските утврдени со закон, статутот на Општина Гази Баба и овие правила.

**Член 4**

Облиците на месната самоуправа, своите права и должности ги остваруваат согласно законот, статутот на Општина Гази Баба и овие правила.

**Член 5**

Облиците на месната самоуправа меѓусебно соработуваат во рамките на општината како и со урбаните и месните заедници од други општини во Републиката.

Облиците на месната самоуправа можат да здружуваат средства заради остварување на заеднич ките интереси врз основа на акт на здружување.

## II. НАДЛЕЖНОСТ, ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ОБЛИЦИТЕ НА МЕСНАТА САМОУПРАВА

### а) Надлежност

**Член 6**

Заради решавање на прашањата од непосредно и секојдневно значење за животот и работата на жителите од подрачјето на облиците на месната самоуправа, согласно Статутот и овие Правила, граѓаните од облиците на Месната самоуправа се грижат за:

- Решавање на прашања од комунална инфраструктура во облиците на Месната самоуправа;
- Одржување на објекти од јавен интерес (водовод, улици, културни домови, спортски објекти и др.);
- Заштита на животната средина и природа;
- Покренување иницијатива за уредување на просторот;
- Организирање културни, спортски, забавни и други манифестации, и
- Други работи од непосредно секојдневно значење за животот и работата на граѓаните.

**Член 7**

Граѓаните од подрачјето на облиците на месната самоуправа, работите од надлежноста на облиците на месната самоуправа ги остваруваат преку органите на облиците на месната самоуправа.

Делегираните работи од надлежност на општината се извршуваат преку органите на облиците на месната самоуправа.

**б) Органи на облиците на месната самоуправа**

**Член 8**

Орган на облик на месна самоуправа е советот на урбаната односно месната заедница.

Бројот на членовите на советот на урбаната односно месната заедница се утврдува во зависност од бројот на жителите во урбаната односно месната заедница, и тоа:

- до 1.000 жители - 5 членови,
- од 1.000 до 3.000 жители - 7 членови,
- од 3.000 до 5.000 жители - 9 членови, и
- над 5.000 жители - 11 членови

Мандатот на членовите на советот трае 4 години.

**Член 9**

Одлука за распишување на избори за членови на советот на обликот на месната самоуправа донесува советот во стариот состав, најдоцна 30 дена пред истекот на мандатот, а ќе се спроведат во рок од 20 до 30 дена од денот на распишувањето на изборите.

Ако одлуката од став 1 на овој член не се донесе во утврдениот рок, одлука за распишување избори на членови на советот, донесува собирот на граѓаните на обликот на месната самоуправа.

Ако одлуката од став (1) на овој член не се донесе ниту на собирот на граѓаните на обликот на месната самоуправа од став (2) на овој член, одлука за распишување на избори донесува Градоначалникот на општината.

По донесувањето на одлуката за распишување на изборите а 8 дена пред денот определен за поднесување на кандидатури за членови на советот на обликот

на месната самоуправа, Градоначалникот на Општина Гази Баба е должен писмено да ги информира членовите на Советот на Општина Гази Баба и истата одлука да ја објави на официјалната веб страна на Општина Гази Баба а техничките секретари на советите на облиците на месната самоуправа се должни да објават соопштенија на видни места во месната или урбаната заедница во истиот рок.

Градоначалникот на Општина Гази Баба, во рок од 5 дена од денот на приемот или донесувањето на одлуката за распишување на избори за членови на советот на обликот на месната самоуправа, со решение именува најмалку по 1 (еден) државен службеник од општинската администрација за секој од облиците на месната самоуправа, додека Советот на Општина Гази Баба со одлука именува по двајца советници за секој од облиците на месната самоуправа кои задолжително присуствуваат и го набљудуваат изборниот процес, без можност за посредно и непосредно влијание врз самиот изборен процес, со основна задача да изготват извештаи за самиот тек на изборите и евентуалните неправилности (закани, уцени, принуди, заплашувања и други чинења и нечинења кои би довеле до мани во волјата на учесниците во изборниот процес) уредно да ги вметнат во извештај за изборниот ден кој го пишуваат во три примероци (еден примерок за вработениот во општинската администрација и по еден примерок за двајцата членови на Советот на Општина Гази Баба), и веднаш без одлагање да ги достават до Градоначалникот и до Советот на Општина Гази Баба.

**Член 10**

Предлог на кандидат за член на советот може да поднесе секој граѓанин од подрачјето на обликот на месната самоуправа, кој има избирачко право, најдоцна 8 (осум) дена пред денот определен за гласањето согласно одлуката за распишување на избори, во писмена форма.

Кон предлогот, кандидатот задолжително приложува валиден документ за лична идентификација на увид, и согласност за прифаќање на кандидатурата во писмена форма.

Предлогот се доставува до секретарот на советот на обликот на месната самоуправа, кој е должен да издаде оформена потврда за точниот датум и час на прием на предлогот.

Утврдување на предлозите за кандидати за членови на советот на обликот на месната самоуправа, се врши три дена пред денот определен за гласање од страна на комисијата задолжена за спроведување на изборниот ден. Изборот е успешен доколку на изборниот ден гласаат најмалку 3% за урбани заедници и 5% за месни заедници од граѓаните со право на глас, жители на соодветната урбана или месна заедница.

Утврдување на дополнителни предлози за кандидати за членови на советот на обликот на месната самоуправа, на самиот ден определен за гласањето согласно одлуката за распишување на избори, не е дозволено.

**Член 11**

За утврден кандидат се смета кандидатот кој во рокот од член 10 став (1) од овие правила, уредно поднел кандидатура за член на советот на обликот на месната самоуправа.

**Член 12**

За изборниот ден можат да се утврдат најмногу 2 пати повеќе кандидати од бројот на кандидати што се избираат за членови на советот.

При утврдувањето на листата на пријавени кандидати, доколку се пријавени повеќе од 2 пати од бројот на членови на советот, листата на кандидати се утврдува според следните критериуми:

- претставување на граѓани од различни улици или населби во Урбаната или Месната заедница, така што при утврдувањето на конечната листа предност ќе имаат кандидатите кои имаат живеалиште на различни улици, односно населени места;
- времето на поднесување на пријавата.

**Член 13**

Членовите на советот се избираат со тајно гласање.

Двајцата членови на Советот на Општина Гази Баба и едниот вработен во општинската администрација се должни да го подготват материјалот за тајно гласање (ливче за гласање, список за гласачи кој ќе го искористат правото на глас, гласачка кутија и параван за гласање).

Материјалот за спроведувањето на тајното гласање го должи вработениот во општинската администрација, кој по завршување на изборниот ден материјалот за спроведување на изборите и извештајот од истите го доставува до советот на Општина Гази Баба.

На денот определен за гласање, двајцата членови на Советот на Општина Гази Баба и службеникот од општинската администрација:

- ја проверуваат просторијата определена за гласање;
- водат список на гласачи кој ќе го остварат правото на глас само доколку има избирачко право и има валиден документ за лична идентификација, со кој се потврдува дека е со место на живеење во конкретната месна или урбана заедница. На списокот избирачите се запишуваат со име, презиме, адреса, број на лична карта и потпис.

Редоследот на кандидатите на гласачкото ливче се утврдува по азбучен ред на презимето на предложениот кандидат.

Избирачот има право да заокружи најмногу онолку кандидати колку што се избираат за конкретната урбана или месна заедница, а максималниот број на кандидати кои се избираат и начинот на остварување на гласачкото право ќе бидат истакнати на видно место на местото за гласање.

За важечко ливче се смета ливчето на кое јасно е искажана волјата на гласачот со заокружени број на кандидати за членови на советот колку што е потребно да бидат избрани во обликот на месната самоуправа, или помалку.

Доколку гласачкото ливче содржи други ознаки, освен ознаки со кои се изјавува волјата на гласачот, како и доколку бидат заокружени повеќе предлози од бројот на членови во советот колку што е потребно да бидат избрани во обликот на месната самоуправа, гласачкото ливче се смета за неважечко.

**Член 14**

Гласањето за членови на советот на обликот на месната самоуправа се врши на денот определен за гласање во период од 17 до 20 часот.

**Член 15**

За избрани членови на советот на облиците на месна самоуправа се сметаат кандидатите кои добиле мнозинство односно најголем број на гласови од избирачите кои гласале.

По завршувањето на изборниот ден комисијата е должна резултатите од гласањето да ги објави на видно место во месната или урбаната заедница.

**Член 16**

Ако при гласањето за членови на советот двајца или повеќе кандидати од кандидатите со најмал број на гласови кои имаат мнозинство да бидат избрани за членови на советот, добијат ист број на гласови, со извлекување се избира еден од двајцата кандидати.

Ако при гласањето за членови на советот, не се избере потребниот број членови на советот, ќе се повтори постапката за избор на толку кандидати колку што не се избрани.

**Член 17**

Советот на обликот на месна самоуправа од редот на своите членови избира претседател со мандат од 4 години, кој го претставува и застапува обликот на месната самоуправа.

Мандатот на избраните членови на советите на облиците на месната самоуправа, започнува од денот на усвојувањето на извештаите од спроведените избори во облиците на месната самоуправа, поднесени од именуваните државни службеници од член 9 став (4) на овие правила, од страна на Советот на Општина Гази Баба.

Доколку одреден извештај од спроведените избори во облиците на месната самоуправа, поднесен од именуван државен службеник, содржи евентуални неправилности таксативно наведени во член 9 став (4) од овие правила, Советот на Општина Гази Баба ќе донесе одлука за поништување на изборниот процес.

**Член 18**

Претседателот на Советот на обликот на месната самоуправа:

1. Ги свикува и раководи со седниците на советот;
2. Се грижи за организацијата и работата на советот, и
3. Ги потпишува актите што ги донел советот.

**Член 19**

Градоначалникот на општината, со решение може да делегира вршење на определена работа од непосреден интерес и секојдневно значење за животот и работата на жителите на претседателот на советот на урбаната, односно месната заедница.

Средствата потребни за извршување на работите, од ставот 1 на овој член се утврдуваат во решението за делегирање на надлежноста.

Со решението се определува органот и начинот на вршење на надзор над извршувањето на работите од ставот 1 на овој член.

**в) Работа на советот на обликот на месната самоуправа**

**Член 20**

Првата седница на советот ја свикува претседателот на советот од претходниот состав во рок од 20 дена по одржувањето на изборите.

Доколку првата седница на советот не се свика во рокот предвиден во ставот 1 од овој член, членовите на советот можат сами да се свикаат и да одржат седница.

**Член 21**

На првата седница на советот со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на советот избираат претседател на советот на обликот на месната самоуправа.

Претседателот на советот се избира со јавно гласање доколку советот не одлучи гласањето да биде тајно.

**Член 22**

Советот работи на седници.

Седниците на советот ги свикува претседателот на советот по потреба.

Претседателот на советот е должен да свика седница ако тоа го бара мнозинство од вкупниот број на членови од советот.

**Член 23**

Советот работи и одлучува со мнозинство од вкупниот број членови на советот.

**Член 24**

На член на Советот, мандатот може да му престане во следниве случаи:

- со оставка,
- поради смрт,
- со промена на местото на живеење, и
- отсуство подолго од 6 месеци.

Престанокот на мандатот на член на советот, советот го констатира без расправа.

**Член 25**

Во случај на престанок на мандат на член на советот, се спроведуваат дополнителни избори.

**Член 26**

Советот на обликот на месната самоуправа:

- Донесува Програма за работа на обликот на месната самоуправа;
- Се грижи за решавање на прашања од комунална инфраструктура за подрачјето на урбаната заедница;
- Се грижи за одржувањето на објектите од јавен интерес /водоводи, улици, културни домови, спортски објекти и друго;
- Се грижи за заштита на животната средина и природата;
- Покренува иницијатива за уредување на просторот;
- Организира културни, спортски, забавни и други манифестации; и
- Се грижи за други работи од непосредно секојдневно значење за животот и работата на граѓаните.

## III. ИМОТ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ОБЛИКОТ НА МЕСНАТА САМОУПРАВА

**Член 27**

Со имотот на обликот на месна самоуправа располага и стопанисува во јавен интерес и како добар домаќин советот на обликот на месната самоуправа.

**Член 28**

Во правниот промет обликот на месната самоуправа настапува до висина на вредноста на имотот со кој располага.

За купување, оттуѓување и оптоварување на имотот на обликот на месната самоуправа, одлучува советот на обликот на месната самоуправа.

**Член 29**

Работите од надлежност на обликот на месната самоуправа се финансираат од:

- Средствата што општината ќе им ги отстапи на облиците на месна самоуправа согласно со плановите и програмите за нивниот развој;
- Средства што граѓаните непосредно ги здружуваат;
- Средства од надомест на услуги; и
- Подароци и други средства.

Прибирањето и трошењето на средствата од алинеја 1 се врши преку буџетот на општината.

Доверените работи од надлежност на општината се финансираат од страна на општината.

**Член 30**

Надзор над материјално - финансиското работење на обликот на месната самоуправа врши комисија за надзор, именувана од советот на обликот на месната самоуправа.

Комисијата за надзор е составена од претседател и два члена.

Комисијата за надзор поднесува извештај до советот на обликот на месната самоуправа и го информира советот на општината.

**Член 31**

За делот на средствата што општината ќе и ги отстапи на обликот на месната самоуправа согласно Програмата за нејзиниот развој, контрола над финансиското работење врши општинската администрација.

**IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 32**

Овие правила за работа на облиците на месната самоуправа влегуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1937/4**
**од 07.05.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**